Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Државен инспекторат за шумарство и ловство**
**Inspektorati shtetëror për pylltari dhe gjueti**

**ЗАПИСНИК**
**за спроведување практичен дел од испитот**
**за стекнување со лиценца за инспектор**

**Број / Numri:** 02-67/5
**Датум / Data:** 25.03.2025 **година/viti**

Согласно одредбите од член 43 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 102/19) и одредбите од „Правилник за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 238/19 и 167/21), со почеток во 12,00 часот, во службените простории на Државен инспекторат за шумарство и ловство, пред комисијата за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспктор, формирана од Директор на Државен инспекторат за шумарство и ловство со архивски број 02-67/4 од 24.03.2025 година, се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор, од страна на Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспктор во состав:

1. Ментор на кандидатот- Зоран Вуиќ-Главен инспектор;
2. Пртеседател на комисија- Марјан Мицев-Главен инспектор;
3. Член на комисија-Трајче Агелов-Виш инспектор, и
4. Член на комисија-Мецит Јусуфи-претставник од Инспекциски совет.

Кандидат за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор од областа на ловството е лицето **Гзим Хода** на работно место Советник-Државен инспектор од областа на ловството, во Сектор за инспекциски надзор од областа на ловството-Одделение за инспекциски надзор од областа на ловството.

Испитот се спроведе согласно одредбите од член 8 од „Правилник за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 238/19 и 167/21),, при што кандидатот за инспектор од областа на ловството **Гзим Хода** изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подговтовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвени акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

**Од презентацијата на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Гзим Хода за ниво В1-Советник инспектор, комисијата за** полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспктор ги утврди следните бодови и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекцискиот надзор – 15 бодови;
- Спроведување на инспекцискиот надзор – 30 бодови;

- Затворање на инспекцискиот надзор – 30 бодови, и
- Документирање на инспекцискиот надзор -15 бодови.

Комисијата за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспктор констатира дека кандидатот за инспектор **Гзим Хода** за ниво В1-Советник инспектор, освои вкупно 90 (деведесет) бодови и со тоа успешно го положи практичниот дел за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:

- Почеток во 13,30 часот на ден 25.03. 2025 година;
- Завршување во 15,30 часот на ден 25.03.2025 година.

Комисија за полагање на практичниот дел од испитот:

1.Зоран Вуиќ ______________________

2.Марјан Мицев ______________________

3.Трајче Ангелов ______________________

4.Меџит Јусуфи ______________________

Република Северна Македонија Државен инспекторат за шумарство и ловство Скопје
Republika e Maqedonisë Inspektorati shtetëror për pylltari dhe gjueti Shkup